# И Н Ф О Р М А Ц И Ј А

Амбасадата на Република Македонија во Лондон информира дека во период од 14 јуни до 09 јули 2010 година, во Амбасадата ќе престојува екипа од Министерството за надворешни работи на Република Македонија со мобилна станица за прием на барања и прибирање на биометриски податоци за издавање на биометриски пасоши за македонските државјани кои по различни основи престојуваат во Велика Британија и за кои не постојат законски пречки за поднесување на барање за пасош.

Барањата за добивање на биометриски пасош до Амбасадата треба да се достават најдоцна до 20 мај 2010 година по пошта, на е-маил или лично. Истите треба да ги содржат следните податоци:

1. Име и презиме на подносителот на барањето;
2. Единствен матичен број на граѓанинот ( ЕМБГ ) и
3. Последно место на живеење во Република Македонија (адреса).

Подносителите на барањата, доколку ги исполнуваат условите за здобивање со македонски пасош, најдоцна до 10 јуни ќе бидат известени, за точниот термин (ден и час) кога ќе треба да дојдат во Амбасадата за да се спроведе постапката за прибирање на биометриски податоци. Врачувањето на изработените пасоши е предвидено да се реализира во период од 19 до 30 јули 2010 година.

Амбасада на Република Македонија
Лондон